| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | Конкурентско право | | | |
| 2. | **Код** | 5082702 | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Граѓанско материјално право и граѓанско процесно право | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | втори | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | V (петта) | 7. | **Број на ЕКТС кредити** | 6 |
| 8. | **Наставник** | проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска<br>проф. д-р Горан Коевски<br>проф. д-р Ненад Гавриловиќ | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | / | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |

Во рамките на предметната програма конкурентско право студентите се запознаваат со основниот концепт на конкуренцијата и модалитетите на нејзината заштита. Оправданоста на заштита на конкуренцијата има, првенствено, своја економска оправданост, додека модалитетите на нејзината заштита се основа за поставување на правната заштита на конкуренцијата. Во контекст на ова, студентите треба да се стекнат со познавање на целта и границите на државната регулација на слободниот пазар. Исто така, во предметната програма се изучуваат основите на монополското однесување на пазарот, односно на монополизмот како економска и права појава, како и посебните видови монополи и монополски спогодби. Имајќи ги предвид различните модалитети на антикомпетитивно однесување на учесниците на пазарот, во предметната програма се претставуваат различните регулативи за борба против монополизмот и монополистичкото однесување. Во однос на компаративните модели на антимонополска регулатива, посебен акцент е ставен на правото на САД и правото на СР Германија.

Понатаму, во предметната програма се изучуваа конкурентското право на ЕЗ, од едноставна причина што ова право претставува основа за изградување на домашниот систем на заштита на конкуренцијата. Во рамките на правото на ЕЗ, посебно се образлагаат правилата на договори, одлуки на здруженија и усогласени практики што и штетат на конкуренцијата, системите на изземања на ваквите однесувања, правилата за злоупотреба на доминантната положба, правилата за контрола на концентрациите и, конечно, спроведувањето на ЕЗ конкурентското право. Што се однесува, пак, на домашната регулатива, анализирани се историските, развојните и современите аспекти на домашниот систем на заштита на конкуренцијата. Конечно, во рамките на предметната програма се разгледуваат и правилата за државната помош, како и правилата за спречување на нелојалната конкуренција.

Целата на предметната програма конкурентско право е да ги оспособи студентите за следново:

- да ги запознае студентите со системот на конкурентското право и специфичностите на неговите составни делови;
- да ги запознае студентите со економските основи и правната оправданост на конкурентското право;
- стекнување познавања за поимот и видовите на монопол и монополистичко однесување на пазарот;
- запознавање со основната терминологија и институти на конкурентското право;
- запознавање со основите на компаративната регулатива од областа на заштитата на конкуренцијата;
- стекнување основи знаења за системот за заштита на конкуренцијата на ЕЗ;
- запознавање со содржината ана домашното конкурентско право;
- разбирање на модалитетите на контрола на антикомпетитивните спогодби, одлуки на

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | здруженија и усогласени практики;<br>• разбирање на системот на индивидуални и групни изземања;<br>• запознавања со начините на спречување на злоупотреба на доминантната позиција на пазарот;<br>• запознавање со системот на контрола на концентрациите;<br>• стекнување знаења со начините на спроведување на антимонополската регулатива;<br>• запознавање со основите на системот на државна помош и неговото влијание на конкуренцијата;<br>• запознавање со дејствијата на нелојална конкуренција и заштитата од вакви дејствија. | | | |
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** | | | |
| | Наставните содржини кои се обработуваат во рамките на предметната програма се наведени како тематски целини и опфаќаат:<br>1. Вовед во конкурентското право и основи на монополизмост<br>2. Компаративни системи на антимонополска регулатива<br>3. Основи на конкурентското право на ез и контрола на рестриктивните спогодби<br>4. Злоупотребата на доминантната позиција, концентрации и спроведување на конкурентското право на ЕУ<br>5. Современо македонско конкурентско право 1<br>6. Современо македонско конкурентско право 2<br>7. Практикум | | | |
| **12.** | **Методи на учење:** | интерактивни предавања, практична работа на задачи на час, симулации и анализа на случаи, видео-презентации, посета на релевантни институции, играње на улоги, излагања на практичари | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 3,5+0+1,2+0+5,3 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | / |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | / |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 70 поени |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 поени |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | 10 поени |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |
| **22.** | **Литература** | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **22.1** | **Задолжителна литература** | | | | |
| | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | 1. | Валентин Пепељугоски | Право на конкуренција: антимонополско право | ФОН Универзитет | 2009 |
| | 2. | Ненад Гавриловиќ | Конкурентско право: читанка | | 2018 |
| **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | 1. | Pier Jan Slot, Angus Johnston | An Introduction to Competition Law | Hart | 2006 |